**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 19 јуни 2020 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: мај 2020 година

- Во текот на мај 2020 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** забележа месечен раст од 1,2%, како резултат на зголемувањето кај сите компоненти, со најголем придонес на депозитните пари, по што следуваат краткорочните депозити, готовите пари во оптек и долгорочните депозити до две години. Годишната стапка на раст изнесува 9,1% и во најголем дел се должи на повисоките депозитни пари, при раст и на готовите пари во оптек и краткорочните депозити, во услови на пад кај долгорочните депозити до две години.

- **Вкупните депозити[3]**, во мај, бележат зголемување од 1,0% на месечна основа, како резултат на растот на депозитите кај двата сектора, којшто е поизразен кај корпоративниот сектор. Вкупните депозити се повисоки за 7,8% на годишно ниво, во поголем дел поради зголемувањето на депозитите на секторот „домаќинства" (учество во растот од 70,2%).

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[4] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 4.2020 | 5.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 4.2020 | 5.2020 | 4.2020 | 5.2020 |
| **Парична маса М4** | **418,499** | **427,071** | **438,662** | **455,411** | **458,627** | **463,497** | **11.7** | **10.5** | **10.8** | **9.3** | **7.5** | **9.4** | **0.6** | **1.1** |
| **Парична маса М3** | **372,833** | **379,982** | **388,869** | **404,028** | **406,570** | **411,304** | **10.4** | **9.2** | **9.9** | **8.2** | **6.8** | **9.1** | **0.7** | **1.2** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 31,236 | 32,554 | 33,368 | 36,108 | 40,617 | 41,476 | 9.0 | 9.7 | 8.8 | 12.0 | 24.7 | 28.8 | 7.2 | 2.1 |
| **Вкупни депозити** | **377,800** | **386,461** | **394,472** | **410,794** | **409,260** | **413,205** | **11.1** | **10.5** | **10.1** | **9.5** | **6.3** | **7.8** | **0.0** | **1.0** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 96,147 | 99,456 | 104,178 | 111,948 | 105,806 | 107,828 | 12.1 | 10.1 | 11.1 | 14.6 | 6.5 | 9.8 | -2.2 | 1.9 |
| *Во денари* | 66,691 | 71,021 | 75,566 | 81,911 | 73,761 | 74,972 | 11.1 | 13.5 | 11.7 | 17.9 | 7.9 | 7.1 | -2.8 | 1.6 |
| *Во странска валута* | 29,456 | 28,434 | 28,613 | 30,036 | 32,045 | 32,856 | 14.4 | 2.6 | 9.4 | 6.4 | 3.3 | 16.3 | -0.7 | 2.5 |
| Домаќинства | 253,748 | 258,100 | 262,458 | 272,605 | 277,319 | 278,160 | 8.7 | 9.0 | 9.3 | 7.9 | 7.8 | 8.2 | 0.6 | 0.3 |
| *Во денари* | 131,901 | 135,492 | 137,346 | 146,231 | 147,981 | 148,362 | 9.6 | 11.8 | 12.0 | 10.4 | 9.4 | 10.1 | 0.3 | 0.3 |
| *Во странска валута* | 121,847 | 122,609 | 125,113 | 126,374 | 129,338 | 129,799 | 7.7 | 6.0 | 6.4 | 5.2 | 6.0 | 6.1 | 1.0 | 0.4 |
| **Вкупни кредити** | **324,798** | **330,726** | **328,970** | **341,389** | **344,508** | **347,762** | **9.0** | **8.1** | **5.6** | **6.0** | **5.5** | **5.9** | **0.2** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 164,734 | 165,305 | 159,764 | 167,952 | 168,688 | 170,378 | 8.2 | 6.4 | 1.7 | 1.9 | 2.0 | 3.3 | 0.6 | 1.0 |
| *Во денари* | 103,142 | 103,308 | 99,250 | 103,591 | 103,584 | 104,838 | 10.3 | 8.8 | 3.6 | -0.8 | -0.3 | 1.4 | 0.0 | 1.2 |
| *Во странска валута* | 61,592 | 61,997 | 60,514 | 64,361 | 65,104 | 65,540 | 5.0 | 2.5 | -1.5 | 6.6 | 5.8 | 6.5 | 1.6 | 0.7 |
| Домаќинства | 158,550 | 163,963 | 167,528 | 172,014 | 174,429 | 176,010 | 9.7 | 9.9 | 9.5 | 10.5 | 9.4 | 8.6 | -0.1 | 0.9 |
| *Во денари* | 88,854 | 91,492 | 92,821 | 95,075 | 96,359 | 97,640 | 12.9 | 11.4 | 9.6 | 10.0 | 7.8 | 7.6 | -0.3 | 1.3 |
| *Во странска валута* | 69,697 | 72,471 | 74,706 | 76,939 | 78,070 | 78,370 | 6.0 | 8.0 | 9.3 | 11.0 | 11.4 | 9.9 | 0.1 | 0.4 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.
[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf
[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.
[4] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

– Во мај, кај **вкупните кредити** е остварен раст од 0,9% на месечна основа, којшто се должи на зголеменото кредитирање на двата сектора, при малку поголем придонес на корпоративниот сектор. На годишна основа, стапката на кредитен раст изнесува 5,9% и во поголем дел произлегува од растот на кредитите одобрени на секторот „домаќинства". Доколку се земе предвид ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со регулаторните промени[5] според одлуката на Народната банка, кај вкупните кредити во мај е забележан раст од 7,1% на годишно ниво.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[6]




Извор: НБРСМ.

---

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.
[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

- Вкупните **депозити на корпоративниот сектор**, во мај 2020 година, забележаа месечен раст од 1,9%, главно под влијание на повисоките депозитни пари, долгорочните депозити во странска валута и краткорочните депозити во денари. Стапката на годишен раст на депозитите на корпоративниот сектор изнесува 9,8% и во најголем дел произлегува од зголемувањето на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута, при остварен пад на краткорочните депозити во денари.

- Овој месец, **кредитите на корпоративниот сектор**[7] бележат месечен и годишен раст од 1,0% и 3,3%, соодветно. Анализирано според валутната структура, поголемо учество во месечниот раст имаат кредитите одобрени во денари, додека годишниот раст во поголем дел се должи на кредитите одобрени во странска валута. Со исклучување на ефектот од извршените отписи на сомнителните и спорните побарувања, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај корпоративниот сектор во мај изнесува 5,2%.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[8]




Извор: НБРСМ.

---

[7] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- Во мај, вкупните **депозити на домаќинствата** се повисоки за 0,3% на месечно ниво, пред сè како резултат на растот на депозитните пари, при раст и на депозитите во странска валута (краткорочни и долгорочни), додека депозитите во денари (краткорочни и долгорочни) бележат пад. Годишниот раст изнесува 8,2% и произлегува од зголемените депозитни пари и краткорочни и долгорочни депозити во странска валута, во услови на мал пад на краткорочните и долгорочните депозити во денари.

- Кај вкупните **кредити на домаќинствата**, во мај, е евидентиран месечен раст од 0,9%, којшто во поголем дел се должи на растот на денарските кредити (учество во растот од 81,0%). На годишно ниво е остварен раст од 8,6%, којшто произлегува од растот на кредитите во денари и странска валута, малку поизразен кај кредитите во странска валута. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорните побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата во мај изнесува 9,4%.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 4.2020 | 5.2020 | 3.2019 | 6.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 4.2020 | 5.2020 | 4.2020 | 5.2020 |
| Потрошувачки кредити | 82,324 | 86,335 | 89,042 | 92,430 | 93,397 | 93,935 | 10.9 | 12.0 | 12.8 | 14.6 | 12.1 | 10.4 | 0.0 | 0.6 |
| Станбени кредити | 46,477 | 47,785 | 49,116 | 51,338 | 53,183 | 53,631 | 13.6 | 12.9 | 11.9 | 12.7 | 13.6 | 13.4 | 0.4 | 0.8 |
| Автомобилски кредити | 319 | 320 | 316 | 316 | 303 | 296 | 0.4 | 4.0 | 4.8 | 1.4 | -6.4 | -8.5 | -1.2 | -2.1 |
| Кредитни картички | 12,113 | 12,007 | 11,956 | 11,928 | 11,331 | 11,480 | -0.4 | -1.5 | -2.3 | -2.6 | -6.3 | -4.8 | -2.1 | 1.3 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,830 | 6,850 | 7,043 | 6,123 | 6,059 | 6,123 | 8.4 | 2.7 | 2.3 | -1.7 | -5.6 | -8.9 | -6.8 | 1.1 |
| Други кредити | 4,252 | 4,217 | 4,194 | 4,118 | 3,974 | 3,954 | -6.2 | -8.2 | -8.2 | -10.6 | -5.7 | -5.8 | 0.1 | -0.5 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, во мај, **потрошувачките кредити и станбените кредити**, како најзастапени категории, се повисоки за 0,6% и 0,8% на месечна основа, и 10,4% и 13,4% на годишна основа, соодветно. **Автомобилските кредити** и натаму бележат пад и тие се намалени за 2,1% и 8,5%, на месечна и годишна основа, соодветно. Кредитите одобрени на **кредитни картички** и **негативните салда на тековните сметки** бележат месечен раст од 1,3% и 1,1%, соодветно, додека на годишно ниво се намалени за 4,8% и 8,9%, соодветно. Кредитите одобрени врз **други основи**, во мај, бележат месечен и годишен пад од 0,5% и 5,8%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 јули 2020 година (референтен пресек заклучно со јуни 2020).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).